ИЗЛОЖБИ

# МЕТАМОРФОЗА

***... преобразување, преобразба, промена, преобраќање, претварање...***

Летово на 2 август во градскиот музеј „Куќата на Робевци“ во Охрид, беше отворена изложбата „Метаморфоза“ на младиот сè уште недипломиран сликар Никола Упевче (1978). „Метаморфоза“ е негова прва самостојна изложба. Иако сè уште го нема одбрането дипломскиот испит како би се стекнал со звање дипломиран сликар, Упевче преку „Метаморфоза“ понудува материјал за 2 различни и целосни дипломски одбрани, проекти или пак изложби. Правило и став на професорите на ФЛУ е дека недипломираните студенти не се зрели да настапат јавно и да ги изложуваат своите креации и творби, освен на изложби кои пред себе задолжително го носат епитетот студенски. Меѓутоа праксата покажува дека кога станува збор за современи медиуми и иновации, младиот уметник знае да настапи и со подобро дело наспроти колегите припадници на старата школа кои имаат стаж во областа на пластичните уметности.

За да се даде појасна слика за она што јавноста во Охрид имаше



прилика да го спознае и да го процени, потребен е опис како и на изложеното и понуденото, така и на амбиентот и просторот. Изложбата може да се подели на 2 дела - медиумски и технички.



**фотографија**

Од една страна, Упевче се претстави со дигитални отпечатоци на компјутерски обработена фотографија. Токму овој сегмент и го диктираше насловот на изложбата. Мотивите кои ги обработил и ги земал како појдовна точка всушност се фотографски импресии од природата, најчесто од спојот на копното и водата на изворите на Црн Дрим. Креативноста на Упевче е насочена кон изнаоѓање мотиви, нивно дуплирање, со што се создава ефект на одраз во огледало или позитив-негатив. Среќна околност е што големиот формат на отпечатоците, кој во заемно дејство со колоритот на мотивот, во корелација со просторијата и објектите во неа, делуваа силно врз перцепцијата на посетителите. Поставката беше во просторија со камена пластика и надгробни споменици. Тој фотографијата ја користи како парче од мозаик, како дел од сложувалка која составена со остатокот ја дава посакуваната и замислувана содржина. Токму тој момент е спојот и премостување со другиот дел од изложбата која е составена од мозаици, но со мозаици кои ја редефинираат техниката.

**мозаик**

Мозаикот е уметност на правење дизајн и слики преку составување на обоени парчиња од стакло, мермер и останати соодветни материјали и нивно прицврстување на подлога од цемент/бетон. Тој ѝ се припишува на антиката зашто најпознатите мозаици, нам познати, се наоѓаат или на археолошките локалитети или во христијанските храмови и катедрали. Современиот и апстрактен мозаик кај нас, за жал, не е толку практикуван. Упевче демонстрира вештина на составување на класична мозаик техника, но носивоста на изложбата е во осовременувањето на истата. Неговите мозаици се апстрактно геометриски или со асоцијативна симболика. Наместо каменчиња користи обоени коцки и парчиња пластика на подлога исто од пластика или плексиглас. Освен вградувањето на индустриски материјали од денешницата, Упевче испробува употребата на готовиот индустриски предмет од секојдневието да го вгради во тродимензионален мозаик. Овој дел од изложбата е, пак, поставен во просторија наменски направена за уметнички изложби.

„Метаморфоза“ отвара простор и прашања за понатаму. Отвара патишта и насоки, поставува, (ре)дефинира. Изложбата понуди и некои недоследности и аномалии. Но акцентот е во настапот, творбата, креацијата, мислата. Дури и најдолгиот пат започнува со првиот чекор, а чекорот е веќе минато, следуваат останатите...

Нада ПЕШЕВА